БИЛТЕН НА РИЗИЦИ

# ОПСЕРВАТОРИЈА НА НЕЛЕГАЛНИ ЕКОНОМИИ ВО ЈУГО-ИСТОЧНА ЕВРОПА

БРОЈ 19 АВГУСТ 2024



## Резиме на главни поенти

**Криминалните групи од Западен Балкан имаат значително присуство во Германија.** Податоците на германските кривично-правни органи покажуваат дека криминалците од Западен Балкан (особено од Албанија) се главни играчи на пазарите за дрога во земјата, како и во трговијата со луѓе и перењето пари. Во минатото, една озлогласена мотоциклистичка банда што доби забрана од германските власти исто така имаше балкански државјани во своите редови. Оваа статија ќе ги разгледа локациите и начините на дејствување на овие групи и сознанијата на полицијата по дешифрирањето на апликациите што ги користат криминалните групи.

**Легализираниот бизнис со медицински канабис во Северна Македонија е во опасност од пренасочување за нелегални цели.** Во 2016 година, Северна Македонија го легализираше одгледувањето медицински канабис. Оттогаш индустријата процвета. Меѓутоа, легализацијата донесе со себе бројни предизвици што креираа можности за корупција и организиран криминал, особено при издавањето лиценци и пренасочувањето на легално одгледаниот канабис на црниот пазар.

GLOBAL INITIATIVE
AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME

# Криминалните групи од Западен Балкан имаат значително присуство во Германија.

Најновата процена на Европол за криминалните мрежи, објавена во април оваа година, посочува на тоа дека организираните групи од Западен Балкан се и понатаму значително присутни во ЕУ, особено во Германија.[1] Од 2020 и 2021 година, отстранувањето на EncroChat и Sky ECC – шифрирани апликации за размена на пораки кои им беа омилени криминалците – од страна на полициските тела доведе до бројни апсења,[2] вклучувајќи и на криминалци од Западен Балкан во Германија. Овие и други такви случаи покажуваат дека криминалците од Западен Балкан се активни играчи на германскиот пазар со дрога, како и во трговијата со луѓе и перењето пари; статистиките на полицијата, пак, само ја потврдуваат лошата ситуација.

Благодарение на податоците собрани од Sky ECC, Миливој Тодоровиќ од Босна и Херцеговина е уапсен во ноември 2022 година во Франкфурт, под сомнение дека препродавал дрога преку врски со црногорскиот клан Шкаљари, за кој N1 известува дека е главен играч во транспортот на кокаин во и преку Европа.[3] Во друг случај изграден врз разузнавачки информации од апликацијата за размена на пораки Sky, во јули 2022 година Германија го екстрадира Саво Маринковиќ – кој веќе служеше затворска казна за трговија со дрога – во Босна и Херцеговина со црвена потерница на ИНТЕРПОЛ, под сомнение дека во 2018 година убил двајца полициски службеници во Сараево;[4] судењето е во тек.[5]

Статистичките податоци на Bundeskriminalamt (Канцеларијата на сојузната криминалистичка полиција во Германија) за 2021 и 2022 година покажуваат дека Албанија е меѓу првите пет странски извори на организиран криминал коишто дејствуваат во Германија, пласирајќи ја земјата на четврто место по Турција, Полска и Италија. Ако ги разгледаме групите на организиран криминал според националноста на нивните водачи, ќе забележиме дека криминалните групи предводени од Албанци го заземаат второто место меѓу странски криминални мрежи активни во Германија, веднаш зад групите чии водачи се претежно Турци.[6]

Ситуацијата станува уште појасна кога организираниот криминал поврзан со дрога ќе се одвои од другите случаи со организиран криминал. Најзастапените странски групи вклучени во кривични дела поврзани со трговија со дрога се турските, полските и албанските. Кога станува збор за кокаинот, Албанците ја сочинуваат најголемата категорија на странски престапници (15 %).[7] Албанските групи се исто така главни играчи на германскиот пазар за канабис.[8]

Една од причините за значајната вплетканост на албанските и другите организирани криминални групи од Западен Балкан во трговијата со дрога и слични криминални потфати би можела да биде големата дијаспора од поранешна Југославија и Албанија која во 1990-тите емигрираше во Германија. Друга причина би можеле да бидат мрежите кои криминалните групи од Западен Балкан ги одржуваат на пристаништата во Западна Европа – клучни влезни точки за кокаин – како и за хероин и канабис кои се криумчарат долж балканската рута.

**Поликриминални мултинационални мрежи**

Се чини дека повеќето криминални ќелии од Западен Балкан што се активни во Германија се дел од поголеми мултинационални мрежи, што го побива митот за монолитниот „балкански картел“. Кога германската национална полиција или заедничките операции на Европол апсат голем број организирани криминалци, меѓу уапсените често фигурираат балкански државјани. На пример, во мај 2023 година, Европол координираше меѓународна операција која доведе до апсење на 37 лица, од кои неколку беа од Западен Балкан, вклучувајќи, наводно, и еден шеф од Босна и Херцеговина кој веќе издржуваше четиригодишна казна затвор во Италија.[9] Во јуни 2023 година, Европравда и Европол им помогнаа на властите во Германија, Италија и Холандија во разбивање една мрежа за

трговија со дрога за која властите велат дека главно се состоела од албански државјани. Уапсени се вкупно 35 осомничени. Оваа криминална мрежа е обвинета за криумчарење кокаин и канабис со вкупна пазарна вредност од над 1 милијарда евра од Јужна Америка во Европа.[10]

Во октомври 2023 година беше разбиен голем ланец за трговија со дрога кога беа уапсени голем број осомничени и беа запленети неколку стотици килограми кокаин од мрежа која ги опфаќаше германските сојузни покраини Хесен, Северна Рајна-Вестфалија, Баден-Виртемберг, како и Хрватска и Полска. Меѓу уапсените лица имаше и државјани на Хрватска, Србија, Бугарија, Северна Македонија и Црна Гора.[11] Во февруари 2024 година, италијанските и албанските власти, со заеднички напори и поддршка од Европравда и Европол, спроведоа голема операција што резултираше со апсење на 59 осомничени, вклучувајќи лица во Албанија, Италија, Германија и Обединетото Кралство. Оваа мрежа е обвинета дека криумчарела хероин, кокаин, хашиш и канабис во Германија и Шпанија во возила со скриени прегради.[12] Овие операции покажуваат дека Германија служи и како главен пазар за малопродажба на дрога и како важна претоварна точка за транспорт на кокаин на големо, наменет за дистрибуција низ Европа и пошироко.

Случаите наведени претходно јасно покажуваат дека криминалните мрежи сè повеќе соработуваат надминувајќи ги етничките граници и премостувајќи ги традиционалните поделби во корист на сите вклучени мрежи. Овие случаи исто така ги прикажуваат транснационалните карактеристики на мрежите. На пример, кога станува збор за кокаинот, организираните криминални групи од Западен Балкан воспоставија силни врски со криминалните групи на почетните точки во Латинска Америка, на точките за дистрибуција на големо (вклучувајќи и преку пристаништето во Хамбург) и на локациите за дистрибуција на мало во другите европски земји.

Балканските криминални групи исто така имаат добри врски со италијанските и турските мафијашки организации. Општо земено, тие се познати како снаодливи претприемачи во трговијата со дрога. Според еден поранешен службеник на Администрацијата за сузбивање дрога во САД, криминалците од Балканот „со задоволство би



**Меѓународната операција за спроведување на законот во мај 2023 година доведе до апсење на 37 членови на криминална група низ Европа, меѓу кои имаше и поединци од Западен Балкан.**

*Фотографија: Европол*

соработувале со Израелците, Холанѓаните, Швеѓаните, Доминиканците и Кинезите ... [Тие] соработуваат со сите."[13]

Криминалните екосистеми драстично се разликуваат низ Германија. Додека во некои градови (како на пример Берлин) се доминантни т.н. организирани криминални мрежи со кланови – обично арапски, турски или курдски – во други (како на пример Хамбург), албанските или другите западнобалкански групи контролираат значаен дел од профитабилните нелегални пазари.[14] Дури и во големи градови како Берлин и Франкфурт, каде што балканските групи се помали риби, тие наводно знаат да преговараат и да се договараат и со поголемите ѕверки.[15]

Во Хамбург, албанските, српските и црногорските организации нашироко се сметаат за најмоќни групи, особено оние што се занимаваат со трговија на кокаин. Спротивно на тоа, групите што се претежно составени од државјани од Косово, Северна Македонија и Босна и Херцеговина повеќе се сметаат за мешетари или транспортери.[16] Хрватските организирани криминални групи се многу присутни во Германија, што исто така делумно се должи на големата хрватска дијаспора којашто се зголеми како резултат на миграцијата за време на војните во Југославија во 1990-тите години.

Иако се чини дека криминалните групи од Западен Балкан добро соработуваат со групи што се состојат од лица со различни националности, ги бие глас и дека се насилни. Според сојузните податоци од 2023 година, албанските сторители беа на четврто место по број на осомничени што биле затекнати со оружје за време на апсење за кривични дела поврзани со трговија на дрога.[17] Организираното насилство во Германија некогаш произлегува од превирањата меѓу балканските групи, како на пример, крвавиот конфликт помеѓу организацијата Шкаљари и Кавачи, друг црногорски клан.[18] На пример, во мај 2019 година во Форст, Германија, беа убиени двајца мажи во инцидент што наводно бил поврзан со војната меѓу клановите.[19]

**Други видови криминал**

Освен трговијата со дрога, криминалните групи од Западен Балкан наводно се занимаваат со рекетирање и трговија со луѓе, особено за сексуална експлоатација. Поединци од Западен Балкан се вклучени во криминални мотоциклистички банди во Германија.[20] Медиумите беа особено сосредоточени на мотоциклистичката банда „Јунајтед Трибјунс", којашто во 2004 година ја основаше Армин Ќулум,[21] поранешен боксер со потекло од Босна. Многу од членовите на бандата потекнуваат од Босна или од други делови на Западен Балкан. Групата, којашто исто така е позната како „Balkan Brothers Herkunft",[22] стана озлогласена поради трговија со луѓе, особено за цели на сексуална експлоатација, како и поради убиства.[23] Дури и се натпреваруваа со локалните огранoци на „Хелс Ејнџелс" и „Бандидос". Во 2022 година, Германија ја забрани „Јунајтед Трибјунс" затоа што групата претставуваше сериозна закана за јавноста и имаше сторено бројни кривични дела.[24]

Во февруари 2022 година, германската полиција растури мрежа од крадци на автомобили од Босна и Херцеговина што беа осомничени за кражба на луксузни автомобили во вредност од 1,5 милиони евра, главно во Долна Саксонија, Северна Рајна-Вестфалија и Хесен.[25] Во април 2023 година, шест Срби беа уапсени во Берлин за кражба на луксузни автомобили.[26]

Во февруари 2024 година, полицијата во Дармштадт растури наводна криминална мрежа од балкански државјани вмешани во криумчарење луѓе во Германија заради нелегално вработување, главно на градилиштата. Беа уапсени три српски, три хрватски државјани, еден Црногорец, еден Германец и еден државјанин на Босна и Херцеговина под сомнение за затајување данок во вредност од 10,4 милиони евра поврзан со овој случај.[27]

Криминалните актери од Западен Балкан исто така се вмешани во перење пари, при што заработените пари во Германија ги враќаат назад на Балканот или ја вложуваат незаконската добивка во легални бизниси, недвижнини или криптовалути.[28] Германските власти не знаат во колкав размер се перат пари, но сметаат дека дошло до пораст помеѓу 2021 и 2022 година. Според податоците за случаите кои ги собрале властите, организираните криминални групи во Германија акумулирале најмалку 998 милиони евра од незаконски приноси и инвестирале околу 45 % од средствата во криптовалути за да ги исперат парите. Покрај тоа, во 2022 година, од 19 активни национални истраги за перење пари, една истрага вклучуваше организирана криминална група во која доминираа Албанци и друга група во која доминираа поединци од Босна и Херцеговина.[29]

**Заклучоци**

Полицијата постигна значителен напредок по дешифрирањето на апликацијата Sky ECC, а се очекува и тековните истраги да доведат до нови апсења на балкански криминалци кои работат во Германија. Меѓутоа, и понатаму постои потреба за повеќе заеднички истраги на органите за спроведување на законот што ќе ги вклучуваат агенциите од Западен Балкан, како и зајакната соработка помеѓу регионалните обвинителства. Покрај тоа, големиот број државјани на Западен Балкан со двојно државјанство кои работат во ЕУ, особено во Германија, ги усложнува напорите на органите за спроведување на законот во следење на криминалните активности, особено во врска со перењето пари и криумчарењето готовина на Балканот. Глобалниот индекс за организиран криминал на Глобалната иницијатива против транснационален организиран криминал ја нагласува потребата од поголем поттик. Иако отпорноста на Германија на организираниот криминал е прилично голема, во последно време таа се намалува; поените на земјата на оваа метричка скала паднаа од 7,67 во 2021 година на 7,50 во 2023 година.[30]

## Забелешки

1 Europol, *Decoding the EU's most threatening criminal networks*, 5 април 2024 година.

2 Europol, *Dismantling of an encrypted network sends shockwaves through organised crime groups across Europe*, 2 јули 2020 година; Europol, *800 criminals arrested in biggest ever law enforcement operation against encrypted communication*, 8 јуни 2021 година.

3 *A drug cartel member from Bosnia arrested in Frankfurt*, N1, 8 ноември 2022 година.

4 *U BIH izručen Savo Marinković, osumnjičen za ubistvo sarajevskih policajaca*, N1, 27 јули 2022 година; *Uhapšen osumnjičeni za ubistvo dvojice sarajevskih policajaca*, Radio Free Europe/Radio Liberty, 2 февруари 2022 година; Borka Cerić, *Advokat Tomić za 'Avaz': Savo Marinković je pucao policajcima u glavu*, Avaz, 26 декември 2021 година.

5 Marko Trifkovic pleaded guilty in the case of the murder of Sarajevo policeman, *Sarajevo Times*, 27 мај 2024 година.

6 Канцеларија на сојузничката криминалистичка полиција во Германија, *Organized Crime – National Situation Report 2022*, 17 ноември 2023 година.

7 Од друга страна, 44 % од сторителите на кривични дела поврзани со кокаин биле Германци. Канцеларија на сојузничката криминалистичка полиција во Германија, *Rauschgiftkriminalität Bundeslagebild 2022*, 24 октомври 2023 година.

8 Ibid.

9 Europol, *37 arrested as violent Balkan criminal cell taken down*, 25 мај 2023 година.

10 Europol, *Strike against an Albanian drug trafficking network in Germany, Italy and the Netherlands*, 23 јуни 2023 година.

11 *Festnahmen und Durchsuchungen bei Razzia gegen Drogenhandel-Netzwerk*, Hessenschau.de, 11 октомври 2023 година.

12 *European police arrest dozens of drug trafficking suspects*, Deutsche Welle, 6 февруари 2024 година.

13 *Balkankartell, Hauptlieferant von Kokain in Europa*, Koha, 10 мај 2024 година.

14 Интервју со германски истражувачки новинар, 5 февруари 2024 година, преку е-пошта.

15 Интервју со извор од криминалното подземје, Франкфурт, 2 април 2024 година.

16 Интервју со истражувач, Хамбург, 4 март 2023 година, онлајн.

17 Канцеларија на сојузничката криминалистичка полиција во Германија, *Organized Crime – National Situation Report 2022*, 17 ноември 2023 година.

18 Walter Kemp, *Making a killing: What assassinations reveal about the Montenegrin drug war*, GI-TOC, јули 2020 година.

19 Bodo Baumert, *Balkanbanden ziehen ihre blutige Spur durch Europa*, *Lausitzer Rundschau*, 30 ноември 2020 година; *Mordfall in Brandenburg angeblich mit Kotor-Mafia verknüpft*, *Tiroler Tageszeitung*, 14 мај 2019 година.

20 Канцеларија на сојузничката криминалистичка полиција во Германија, *Organized crime: National situation report 2021*, 29 септември 2022 година; Канцеларија на сојузничката криминалистичка полиција во Германија, *Organized crime: National situation report 2022*, 17 ноември 2023 година.

21 Kate Connolly, *Germany bans 1,700-strong 'rocker' gang for violent crime links*, *The Guardian*, 14 септември 2022 година.

22 Viplebenslauf, *Balkan Brothers Herkunft*, 7 март 2022 година.

23 Walter Kemp, *Transnational tentacles: Global hotspots of Balkan organized crime*, GI-TOC, јули 2020 година.

24 *Germany raids, bans Hells Angels rival United Tribuns*, Reuters, 14 септември 2022 година.

25 Europol, *Arrest in Germany of 3 suspects involved in theft of EUR 1.5 million worth of vehicles*, 23 февруари 2022 година.

26 Sofija Bogosavljev, *Uhapšeno šest Srba u Nemačkoj – Provaljivali u automobile, jedan se smejao nakon hapšenja i pozirao sa lisicama na rukama*, Blic, 1 април 2023 година.

27 *Uhapšeni i državljani BiH: Nijemci razbili bandu koja je utajila 10 miliona evra*, *Nezavisne*, 21 февруари 2024 година.

28 FBI, *What we investigate: Transnational organized crime*.

29 Канцеларија на сојузничката криминалистичка полиција во Германија, *Organized crime: National situation report 2022*, 17 ноември 2023 година.

30 GI-TOC, *Criminality in Germany*, Глобален индекс за организиран криминал за 2023 година

# Легализираниот бизнис со медицински канабис во Северна Македонија е во опасност од пренасочување за нелегални цели.

Во 2016 година, Северна Македонија го легализираше одгледувањето медицински канабис. Оттогаш, индустријата процвета. Во март 2024 година, во Северна Македонија имаше речиси 70 приватни компании регистрирани за одгледување канабис за медицинска употреба и за производство на цветови и масло од канабис.[1] Меѓутоа, македонската индустрија за канабис е ранлива на корупција. Ова вклучува прашања поврзани со издавањето лиценци и со пренасочувањето на легално одгледаниот канабис на црниот пазар.

Иако на Западен Балкан постои стабилна, но ограничена побарувачка за медицински производи од канабис, во регионот постои и голем нелегален пазар за суви цветови од канабис. Впрочем, канабисот е најконсумираната дрога на Западен Балкан.[2] Северна Македонија е и главен транзитен центар за трговија со канабис произведен во Албанија.[3]

Постои загриженост дека одреден дел од нелегалниот пазар за канабис се снабдува од компании што имаат дозволи за легално одгледување канабис за медицински цели. Според актуелниот Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, се забранува извоз на канабис одгледан во Северна Македонија којшто не се користи за медицински цели.[4] Сепак, се чини дека во многу случаи, лиценцираните компании одгледуваат повеќе канабис отколку што е потребно за легален извоз. Прекумерната понуда на легално одгледан производ за којшто постои голем црн пазар носи очигледни ризици.

Во изминатите неколку години, полицијата во Северна Македонија презеде акција против лиценцираните компании поради разни престапи, вклучувајќи и пренасочување на нивните производи заради криумчарење. Во некои случаи беше преземена акција за спроведување на законот против компании кои не ги задоволуваа потребните стандарди. Виновник за ова може да е самата компанија или недоволната регулатива на надлежните тела,[5] имено, на министерствата за земјоделство и здравство,[6] како и на петчлената специјална комисија којашто треба да го следи производството и да врши инспекции на секоја плантажа најмалку двапати годишно.[7] Во други случаи, полицијата постапуваше на темел на сомненија дека канабисот што се одгледува во лиценцирани погони се пренасочува на црниот пазар, со или без знаење на компаниите.

Во еден скорешен пример од висок профил, една полициска операција во Северна Македонија во март 2024 година беше насочена кон десетици осомничени криминалци кои наводно биле вмешани во нелегално производство и дистрибуција на дрога. Меѓу уапсените беше и Боро Стојчев, исто така познат како „Боро Марлборо“, поранешен градоначалник на Ново Село.[8] Наводното вмешување на Стојчев во криумчарењето канабис го привлече вниманието на јавноста, особено затоа што во 2020 година, компанијата на син му доби лиценца за одгледување канабис. Полициските рации во текот на оваа операција на локации како Струмица, Гевгелија, Демир Капија, Струга и Прилеп резултираа со запленување над 100 килограми марихуана, што доведе до обвиненија поврзани со неовластена продажба и дистрибуција на дрога.[9] Стојчев призна вина и беше осуден на пет години и три месеци затвор.[10]

Беа спроведени други рации и заплени врз основа на неправилности во работењето. На пример, во февруари 2022 година, полицијата изврши рација во една компанија која легално одгледува канабис за медицински цели во Струмица и заплени околу 1,5 тони канабис поради „неправилности“ во работењето на фирмата. Немаше уапсени лица.[11]

Во летото 2022 година, во рок од 48 часа, полицијата на Северна Македонија изврши рации на две плантажи со канабис во близина на Охридското Езеро.[12] Овие плантажи имаа дозволи за





**Одгледувањето канабис за медицинска употреба е во подем во Северна Македонија, но постои ризик дека вишокот се пренасочува на црниот пазар.**
*Доставени слики*

одгледување медицински канабис, но полициските рации открија кршења на прописите кои, според истрагата на Балканската истражувачка репортерска мрежа, сугерираат дека е можно одреден дел од легално одгледаниот канабис да навлегува на нелегалниот пазар.[13]

Во април 2023 година, полицијата пресретна 100 килограми првокласен канабис кој, според Министерството за внатрешни работи, најверојатно потекнува од легална фабрика за производство на масло од канабис за медицински цели.[14] Властите проценија дека уличната вредност на оваа заплена, за која се сомневаа дека била наменета за црниот пазар, е околу 600.000 евра.[15] Криумчарената стока беше откриена и запленета од возило со скопски регистарски таблички; возилото беше запрено во Неготино, а возачот наводно се обидел да избега пред да биде уапсен.[16]

На 6 јули 2023 година, во селото Сопот во близина на Кавадарци, властите запленија 225 килограми канабис и 1.000 цветови од канабис во вредност од пола милион евра од компанија за производство на медицински канабис.[17] Во полициските извештаи се наведуваат сомненија за нелегални активности, фокусирајќи се на наводните обиди на персоналот на компанијата да ја дистрибуира дрогата на црниот пазар. [18]

Во септември 2023 година, властите им ги поништија дозволите на три компании за одгледување медицински канабис откако полициската инспекција на еден лиценциран погон за одгледување медицински канабис во село Врапчиште откри бројни неправилности.[19] На објектот немало обезбедување и камери, оградата била оштетена, а објектот немал струја. Наместо пријавени вработени лица, биле затекнати двајца Албанци кои не биле вработени во фирмата. Во заштитениот простор за складирање, полицијата запленила 327,3 килограми сушени цветови канабис, спакувани во алуминиумски кеси, кои ги надминувале законските граници. Дополнително бил констатиран вишок од 23,3 килограми канабис.

Исто во Врапчиште, на 15 декември 2023 година, полицијата од едно правно лице заплени 4.341 тон канабис во вредност од над 10 милиони евра. Заплената следуваше по донесена одлука на Владата за одземање на лиценцата на компанијата поради бројни неправилности откриени при инспекција на големината на подрачјето за одгледување, опремата и персоналот.[20]

Во 2023 година, полицијата им ги одзеде лиценците на осум компании за производство на медицински канабис, покажуваат податоците од Министерството за внатрешни работи.[21] Истата година беа запленети 4,6 тони канабис и 3.799 стебла cannabis sativa.[22] Во 2022 година, полицијата им ги одзеде лиценците на седум компании што се занимаваа со овој бизнис, а во полициските акции против правните субјекти без запленети 561,1 килограм канабис, како и 8.723 стебла cannabis sativa.[23]




**СЛИКА 1** **Одземени лиценци и запленети стоки, 2021–2023 година.**
*Министерство за внатрешни работи, Годишни извештаи за 2022 и 2023 година*

| Година | Платен ДДВ | Платен данок на добивка |
|---|---|---|
| 2022 | 129,3 милиони денари (2,1 милион евра) | 3,4 милиони денари (53 800 евра) |
| 2023 | 181,3 милиони денари (2,9 милиони евра) | 33,9 милиони денари (542 100 евра) |
| Вкупно | 310,6 милиони денари (5 милиони евра) | 37,3 милиони денари (595 900 евра) |

**СЛИКА 2** **Даноци што ги платиле компаниите кои одгледуваат медицински канабис, 2022–2023 година.**
Податоци добиени од Управата за јавни приходи, 20 февруари 2024 година

### Издавањето лиценци е ранливо на корупција

Друга слаба алка е издавањето лиценци. Иако одгледувањето медицински канабис беше легализирано во 2016 година со измени на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции,[24] индустријата почна да цвета дури откако поранешниот премиер Зоран Заев дојде на власт во 2017 година. Тој предвиде дека со одгледување канабис ќе се оствари приход од 250 милиони евра и ќе се отворат нови работни места.[25]

Бизнисот со канабис е вистинска златна кокошка за приватните компании и за државата. Податоците од Управата за јавни приходи покажуваат дека во 2022 и 2023 година, компаниите во Северна Македонија што се занимаваат со одгледување ароматични и лековити билки и растенија (за фармацевтска употреба) платиле околу 5 милиони евра данок на додадена вредност.[26] Се предвидува дека од 2024 до 2029 година пазарот ќе продолжи да се шири со годишна стапка од 4,76 %, што ќе доведе до обем на продажба од 37,90 милиони долари во текот на пет години.[27]

Во исто време, се чини дека издавањето дозволи е исто така профитабилен бизнис, во кој понекогаш се вмешани и државни функционери.[28] Според еден виш полициски службеник во Скопје, често се потребни врски во полицијата за да се добие дозвола, а тој процес може да се олесни со поткуп или политички донации.[29]

### Последици за Северна Македонија и пошироко

Одлуката на Северна Македонија да го легализира одгледувањето медицински канабис беше прилично профитабилна за Владата и за оние вклучени во бизнисот, но, донесе и ризици, особено такви поврзани со корупција при процесот на лиценцирање и со пренасочување на канабисот на црниот пазар, без разлика дали преку инсајдери или преку кражба од трети страни.

Искуството на Северна Македонија го нагласува клучниот предизвик во врска со контролата на дрогата во време кога законите и ставовите за употребата на канабис се сè полиберални: како да се регулира разликата помеѓу легалните и нелегалните пазари на канабис; и како да се спроведат законите кога различни земји имаат различни правни рамки, дури и ако се од истиот регион, особено земајќи ја предвид големината на црниот пазар на Албанија.

Ситуацијата во земјата исто така го истакнува парадоксот дека некои министерства профитираат

од одгледувањето канабис, а полицијата троши време и ресурси за да ги реши проблемите што произлегуваат од тој бизнис. Ова е предизвик со кој ќе се соочи новата централно-десничарска влада на Северна Македонија, избрана во мај. Меѓутоа, овој проблем не е уникатна појава само за оваа балканска земја.

## Забелешки

1 Who controls the cannabis factories?, Vecer, 4 март 2024 година.
2 Observatory of Illicit Economies in South Eastern Europe, Lessons learned from cannabis legalization in North Macedonia, Risk Bulletin, Issue 5, Global Initiative Against Transnational Organized Crime, март 2021 година.
3 Ibid.
4 Marija Mitevska, How did legal marijuana end up in the hands of criminals?, Radio Free Europe/Radio Liberty (RFE/RL), 23 декември 2020 година.
5 Интервју со лице од подземјето во Северна Македонија, Скопје, 2 мај 2024 година.
6 Министерство за здравство на Република Северна Македонија, Закон за контрола на опојни droги и психотропни супстанции, *Службен весник на РМ*, бр. 37/2016, член 29-в.
7 Според член 29-б, став 5, комисијата е формирана од министерот за здравство. Составена е од двајца претставници од Министерството за здравство, еден претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, еден претставник од Агенцијата за лекови и медицински средства и еден специјалист од областа на лековити растенија.
8 Prosecutor's office: Detention for all those arrested in the 'Chibuk' action, two were already in prison, *Faktor*, 3 март 2024 година.
9 Ibid.
10 Srdjan Stojanchev, Боро Марлборо веќе осуден, а им скрои капа на врховен судија и член на Советот на јавни обвинители, Telma, 21 мај 2024 година.
11 N. Macedonia medical marijuana firm raided, 1.5 tons seized, Associated Press, 9 февруари 2022 година.
12 Vlado Apostolov, Jelena Veljkovic и Besar Likmeta, Crime ties exposed in North Macedonia medicinal cannabis boom, Balkan Insight, 28 март 2023 година.
13 Ibid.
14 The Ministry of the Interior seized legal marijuana destined for the black market, RFE/RL, 6 април 2023 година.
15 Ibid.
16 Ibid.
17 *The Ministry of the Interior seized 225 kilograms of drugs worth half a million euros*, A1on, 6 јули 2023 година.
18 Ibid.
19 Miroslava Simonovska, *Companies for medical cannabis were left without permits*, *Sloboden Pečat*, септември 2023 година.
20 Ivan Kolekevski, *Police seize over 4.3 tons of marijuana in Gostivar region*, MIA, 15 декември 2023 година.
21 Министерство за внатрешни работи, *Annual report 2023*, 20 март 2024 година.
22 Ibid.
23 Министерство за внатрешни работи, *Annual report 2022*, 17 март 2023 година.
24 David Segal, *North Macedonia waits for a green light, and a lucrative high*, *The New York Times*, 9 септември 2021 година.
25 Vlado Apostolov, Jelena Veljkovic и Besar Likmeta, *Crime ties exposed in North Macedonia medicinal cannabis boom*, 28 март 2023 година.
26 Податоци добиени од Управата за јавни приходи, 20 февруари 2024 година.
27 Ibid.
28 *The legalization of cannabis production for medicinal purposes is being abused*, *Nova Makedonija*, 4 март 2024 година.
29 Интервју со поранешен виш полициски службеник, Скопје, 4 јуни 2024 година.

**Билтените на ризици се редовен производ на нашите регионални опсерватории, кои се потпираат на мрежите на граѓанското општество за да добијат нови податоци да ги стават во контекст трендовите поврзани со мрежите на организиран криминал, нелегалната трговија и одговорот на државите кон нив. Доколку сакате да се претплатите на идните изданија на Билтенот на ризици, ве молиме пријавете се тука или пратете е-пошта на Vanja.Petrovic@globalinitiative.net.**

## ЗА ГЛОБАЛНАТА ИНИЦИЈАТИВА

Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал е глобална мрежа со над 600 експерти ширум светот. Глобалната иницијатива обезбедува платформа со цел промовирање поширока дебата и иновативни пристапи како градиво за инклузивна глобална стратегија против организираниот криминал.

**www.globalinitiative.net**

Оваа публикација е изработена со помош на финансиската поддршка на Фондот за конфликт, стабилност и безбедност на Обединетото Кралство. Содржината на публикацијата е одговорност единствено на ГИ-ТОК и не нужно ги одразува ставовите на Обединетото Кралство.

GLOBAL INITIATIVE
AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME